**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 190/5**

**Скопје, 14.07. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Дебарца за 2008 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Дебарца за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Љупчо Којчиноски, градоначалник на општина Дебарца во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 21.04.2008 до 08.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Во 2006 година Советот на општина Дебарца има донесено Одлука за доделување на времено користење на недвижност (земјиште и објект), без да се спроведе постапка на јавно наддавање, што е спротивно на Законот за локална самоуправа. Со заинтересираната фирма склучен е договор за пренесување на правото на привремено користење на недвижноста, со времетраење од триесет години, со годишен надоместок. Во декември 2008 година фирмата корисник го раскинува договорот, поради лошата финансиска состојба и неможноста да инвестира. Неспроведувањето на постапките за јавно наддавање согласно законските прописи создава можност за фаворизирање на одредена фирма/физичко лице, ја спречува конкуренцијата и придонесува за остварување на помали приходи**.**

**Препорака:**
Градоначалникот и Советот на општината при пренесување на правото за времено користење имот на општината на други субјекти задолжително треба да спроведат постапка на јавно надавање.

10.1.2. Општина Дебарца нема донесено буџетски календар во кој ќе се утврдуваат роковите за планирање општински буџет, односно роковите во кои до општинските буџетски корисници се доставуваат главните насоки за изготвување финансиски планови, роковите во кои општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови и рокот во кој градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот на општината. Не донесувањето на буџетскиот календар е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и придонесува за постоење ризик од ненавремено спроведување на буџетскиот процес.

**Препорака:**
Одделението за општи, правни и финансиски работи и јавни дејности да изготви буџетски календар во кој јасно ќе бидат дефинирани роковите за навремено спроведување на буџетскиот процес согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

### 10.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на приходи и расходи

10.2.1. Расходите и приходите во Билансот на приходи и расходи на општина Дебарца се искажани пресметковно за износ од 2.716 илјади денари поради извршени плаќања со цесија за реконструкција на системот за снабдување со вода во село Оровник. Плаќањето не е реализирано преку платниот промет на трезорскиот систем што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и спротивно на буџетското начело за парично искажување на приходите и расходите. Плаќањето со цесија е на барање на Министерството за транспорт и врски.

**Препорака:**
Одделението за општи, правни и финансиски работи и јавни дејности плаќањата со цесии задолжително да ги спроведуваат преку платниот промет на трезорскиот систем.

10.2.2. Општина Дебарца базата на податоци за данокот на имот ја има преземено во јануари 2007 година од Управата за јавни приходи и истата не е ажурирана. Во текот на 2007 година започнати се активности само за ажурирање на бројот на даночни обврзници, но не е извршена репроценка на имотот по населени места. Исто така не е извршено усогласување на податоците од регистарот на недвижен имот на општината со податоците на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, што се одразува на комплетноста на податоците.
Решенијата за данок на имот за 2008 година не се изготвени во законски предвидениот рок (изготвени се во месец септември 2008 година).
Регистарот на недвижен имот не е доставен до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи до 31 декември 2008 година (доставен е во април 2009 година).
Кај процесот на утврдување на приходите по овој основ не постои сегрегација на надлежностите.
Комисијата за проценка на вредноста на недвижниот имот не ги идентификувала правните лица - даночни обврзници на данок на имот и не извршила проценка на имотот со кој располагаат.
Ревизијата утврди дека одјава на имотот се врши врз основа на усмена изјава од даночен обврзник, по усна изјава од Комисијата за проценка на недвижниот имот, по вратено решение од пошта, без постоење на записник за извршен увид на терен и без постоење на валидни документи.
Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот, како и непреземање на законски мерки за наплата на даночниот долг, придонесува за помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината.

10.2.3. При утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок ревизијата го утврди следното:

- пресметувањето на пазарната вредност на земјиштето во Општина Дебарца се врши врз основа на цени на земјоделско и градежно неизградено земјиште кои не се утврдени од страна на Советот на Општина Дебарца како надлежен орган за утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината. При тоа, за проценка на вредноста на земјоделското земјиште и градежно неизградено земјиште се користи листа со цени која не е авторизирана. Градежното неизградено земјиште за КО Оровник и КО Горенци е поделено на две зони кои не се доволно прецизирани, со голем распон во цените што може да придонесе за субјективизам при примената и нетранспарентност, и

- утврдено е постоење на ризик од неточно пресметување на даночната обврска за данокот на промет на недвижности, наследство и подарок, поради невоспоставена контрола на пресметките. Согласно спогодбата за извршување на административни услуги со општина Охрид, Комисијата за проценка на недвижниот имот од општина Охрид на терен оди само во блиските села Требениште , Ораовец и Мешеиште. За другите села на терен оди Комисијата за проценка на недвижен имот од општина Дебарца за што не изготвува записник, а официјалната проценка ја изработува Комисијата за проценка на недвижниот имот од општина Охрид, без да биде потврдена од Комисијата која била на терен.

Недефинираните цени, отсуство на сегрегација на надлежностите и испреплетените надлежностите на двете Комисии за проценка на недвижниот имот без дефинирана надлежност и одговорност придонесува за постоење ризик од неточно пресметани приходи.

10.2.4. Базата на податоци на обврзниците за комуналната такса за фирма за општина Дебарца преземена е во јануари 2007 година од Управата за јавни приходи и истата сеуште не е ажурирана. Регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2008 година не е усогласен со податоците од Централниот регистар на Република Македонија што е спротивно на Законот за комуналните такси. За дел од фирмите извршена е одјава по усна изјава на Комисијата, одјава по жалба и дел вратени решенија од пошта како непознати, без постоење на валиден документ. Од страна на службите не се преземени мерки за присилна наплата на ненаплатените побарувања за кои поминал рокот за плаќање, според даночната евиденција. Решенија за комуналната такса за фирма не се издадени во законскиот рок согласно Закон за комунални такси. Кај процесот на утврдување на приходите по овој основ не постои сегрегација на надлежностите.
Некомплетната и неажурна евиденција по основ на комунална такса за фирма, како и ненавремено изготвените задолженија и непреземање на законски мерки за наплата на даночниот долг, придонесува за помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака**
Градоначалникот на Општина Дебарца да донесе пишани процедури:
- во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во општинската администрација и Комисијата за проценка на недвижниот имот при утврдувањето и контролата на пресметките за утврдување на даноци на имот и даноци на специфични услуги, и
- за текот на документацијата од евидентирање на даночната пријава/барање во архивата на општината до сметководственото евидентирање на побарувањата, наплатата и нивното искажување во финансиските извештаи.

Даночната администрација да обезбеди:
- да изврши ажурирање на регистрите на даночни обврзници со реалната состојба присутна на територијата на Општина Дебарца;
- усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот , со податоците на Агенцијата за катастар на недвижности;
- усогласување на регистарот на обврзници по основ на комунална такса со Централниот регистар и Управата за јавни приходи;
- регистарот на недвижен имот да се доставува до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи до 31 декември тековната година;
- изготвување и доставување на решенијата за плаќање на данок на имот и комунална такса да се врши во законскиот рок, и

- преземање мерки за спроведување на присилна наплата на ненаплатени побарувања по овој основ.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2008 година се нереално проценети, односно помалку се искажани за износ од 5.903 илјади денари за неевидентираните побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма (преземено салдо од Управата за јавни приходи, салдо од 2006, 2007 и 2008 година), за кои не се преземени мерки за наплата.
**Препорака**

- одделение за правни, финансиски, општи работи и јавни дејности да преземе активности за утврдување на реалноста на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, а со цел реално искажување во билансните позиции, и
- да се преземат мерки за наплата на истите.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Дебарца на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на општина Дебарца.

Скопје 07.07.2009 година — Овластен Државен Ревизор

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1 | 5,828 | 5,095 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 52 | 283 |
| Капитални приходи | 3.3. | 153 | 165 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 16,246 | 13,169 |
| **Вкупно приходи** | | **22,279** | **18,712** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 5,602 | 4,139 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 56 | 57 |
| Стоки и  услуги | 3.5.3. | 6,906 | 7,272 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 844 | 938 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 125 | 104 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **13,533** | **12,510** |
| **Капитални расходи** | **3.6.** | **7,747** | **5,678** |
| **Вкупно расходи** | | **21,280** | **18,188** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **999** | **524** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2008 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 999 | 524 |
| **Вкупно тековни средства** | | **999** | **524** |
| **Вкупна актива** | | **999** | **524** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 999 | 524 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **999** | **524** |
| **Вкупна пасива** | | **999** | **524** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*